OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО 2519
GJYKATA THEMELORE KRUSHEVË

| Примено: Pranuar: | 27-06-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| СПЧ | 10/24 | | |

**Скопје, 21.06.2024**

До: основни и апелациони судови

**ПРЕДМЕТ: Зајакнување на ефективно гонење и казнување на случаите на криминал од омраза – Сеопфатна анализа на имплементацијата на законодавството за криминал од омраза**

Почитувани,

Мисијата на ОБСЕ во Скопје се залага за зајакнување на ефективно гонење и казнување на криминалот од омраза. Како дел од нашите активности, прибираме информации од јавен карактер за кривичните постапки поврзани со криминалот од омраза. Овие податоци ќе ги поддржат целите на нашата Мисија кои вклучуваат: поддршка за евидентирање на инциденти од криминал од омраза и известување до ОДИХР, тесна соработка со релевантните институции за подобрување на националните капацитети за следење, собирање и известување за инциденти од криминал од омраза, како и спроведување на активности за подигање на свеста и за градење на капацитетите, со цел промовирање на толеранцијата и спречување на омраза.

Како дел од нашите активности, Мисијата собира информации од јавен карактер во врска со кривичните постапки, завршени или тековни, пред правосудните органи низ целата држава. Препознавајќи ја клучната улога на судовите во борбата против криминалот од омраза, Ве замолуваме да ни дадете **податоци за завршени и тековни предмети во врска со кривичните дела кои претставуваат криминал од омраза, за периодот од 1-ви јануари 2019 година до денес.**

Потребните податоци се однесуваат на кривични дела кои претставуваат криминал од омраза, подетално наведени во Анекс 1.

Бараните информации се исклучиво за поддршка на целите на мисијата на ОБСЕ за оваа активност. Не бараме никакви лични информации или детални специфики за случаите вон статистичките податоци наведени погоре.

Со нетрпение го очекуваме вашиот позитивен одговор и ја цениме вашата континуирана соработка во унапредувањето на стандардите во областа на владеење на правото, а особено во областа на криминалот од омраза.

За дополнителни информации, прашања и електронска достава на бараните податоци, можете да се обратите на г-а Симона Јорданов на телефон 070 358 094 или на мејл: simona.jordanov@osce.org

Со почит,

Умер Ал-Катиб
в.д. Шеф на Одделот за човекова димензија
Мисија на ОБСЕ во Скопје

Анекс 1

Hyperium Building
Bulevar 8-mi Septemvri No. 16
MK-1000 Skopje

Tel: +389 2 3234000
Fax: +389 2 3234234

Info-mk@osce.org
http://www.osce.org/skopje

OSCE.Skopje
@OSCE_Skopje

Бараните податоци се однесуваат на:

1. Статистички податок за вкупниот број на завршени и тековни предмети за секое кривично дело посебно, и бројот под кој се евидентирани;
2. Статистички податок за вкупниот број на предмети за кои било штиклирано полето „криминал од омраза“ во електронскиот "case managment" систем, и
3. Достава преку е-мејл или по пошта на сите правосилни и не правосилни судски одлуки, ако не се достапни преку порталот www.sud.mk.

| | |
|---|---|
| 1. Член 123, став 2 алинеја 4 – Убиство | 9. Член 208, став 1 – Неукажување на медицинска помош |
| 2. Член 130, став 2 – Телесна повреда | 10. Член 236, став 1 алинеја 7 – Тешка кражба |
| 3. Член 131, став 2 – Тешка телесна повреда | 11. Член 237, став 2 – Разбојништво |
| 4. Член 139, став 2 – Присилба | 12. Член 238, став 2 – Разбојничка кражба |
| 5. Член 140, став 2 – Противправно лишување од слобода | 13. Член 243, став 2 – Оштетување туѓи предмети |
| 6. Член 142, став 2 – Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување | 14. Член 258, став 2 – Изнуда |
| 7. Член 144, став 3 – Загрозување на сигурноста | 15. Член 386, став 5 – Насилство |
| 8. Член 155, став 2 – Спречување или смеќавање на јавен собир | 16. Член 400, став 2 – Скврнавење на гроб |

Дополнително, за гореспоменатиот период, потребен ни е и статистички податок за вкупниот број на завршени и тековни предмети за следниве кривични дела од Кривичниот законик:

| | |
|---|---|
| 1. Член 137 – Повреда на рамноправноста на граѓаните | 5. Член 394-г – Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем |
| 2. Член 144 ст.5 (поранешен став 4) – Загрозување на сигурноста | 6. Член 407-а – Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства |
| 3. Член 179 – Излагање на подбив на македонскиот народ и заедниците | 7. Член 417 – Расна и друга дискриминација |
| 4. Член 319 – Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост | |

**Адресата за достава на судски одлуки по пошта е:**

Мисија на ОБСЕ во Скопје
Бул. 8-ми Септември бр. 16
1000, Скопје

Hyperium Building
Bulevar 8-mi Septemvri No. 16
MK-1000 Skopje
Tel: +389 2 3234000
Fax: +389 2 3234234
Info-mk@osce.org
http://www.osce.org/skopje

ОСНОВЕН СУД
Крушево
СПИ-10/24

До

МИСИЈА НА ОБСЕ
С К О П Ј Е

# З А П И С Н И К
од 03.07.2024 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 21.06.2024 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:
-Во овој суд нема ниту еден завршен и тековен предмет во врска со посочените кривични дела во барањето кои претставуваат криминал од омраза за периодот од 01 месец 2019 год. се до денес.

Со почит,

03.07.2024 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска

К. Т.
------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО GJYKATA THEMELORE KRUSHEVË REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT